***Број: 02 - 13448/2***
***08.08.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXXVIII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 08.08.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *М-р. Марјана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Љубица Димитровска, началник за финансии;*
- *Бранислава Катушевска; началник во одделението за преговарање и договарање со здравствените установи;*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили, седницата ја водеше Заменикот на претседателот Снежана Костадиноска Милошеска. Таа ја отвори седницата, утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXVII седница на УО одржана на 24.07.2008 година;*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори“ - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година ;*

2. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ специјална болница по гинекологија и акушерство „ Мала Богородица„ - Систина, Скопје во 2008 година и Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ со мешовита сопстеност општа болница „ Ре - Медика„„ Скопје во 2008 година;*

3. *Приговор од работен однос од Цветлана Јакимоска Вељаноска*

4. *Барање од Др. Оливера Караниколова;*

5. *Разно*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXXVII седница на УО одржана на 24.07.2008 година;*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори“ - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година ;*

2. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ специјална болница по гинекологија и акушерство „ Мала Богородица„ - Систина, Скопје во 2008 година и Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ со мешовита сопсстеност општа болница „ Ре - Медика„, Скопје во 2008 година;*

3. *Приговор од работен однос од Цветлана Јакимоска Вељаноска;*

4. *Барање од Др. Оливера Караниколова;*

5. *Разно*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXXVII седница на УО одржана на 24.07.2008 година;*

*Управниот одбор едногласно без никаква забелешка го усвои записникот од XXXVII седница одржана на 24.07.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори“ - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година ;*

*Објаснување по оваа точка даде Бранкица Катушевска, началник во одделението за преговарање и договарање со здравствените установи која наведе дека поради зголемениот вид и обем на здравствени услуги на осигурените лица во Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори„ Скопје, остварени во предходниот период и очекуваниот зголемен период до крајот на годината, потребно е да се зголеми висината на вкупниот надоместок за 2008 година за здравствените услуги од областа на кардиохирургијата кои ги врши Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори„.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ додаде дека средствата за оваа намена ќе се обезбедат согласно Законот за Буџети со пренамена на буџетските средства и по барањето на Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател, се направи измени и дополнивање на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, со кој е регулирано дека во исклучителни ситуации вкупниот надоместок на здравствената установа може да се зголеми и повеќе од 20%.*

*Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија, постави прашање дали во договорот склучено со Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори„ - Скопје се опфатени само кардиолошките операции на срцето.*

*Бранкица Катушевска објасни дека само тие се вкучени и дека точно се знае кој ќе биде видот и обемот на здравствените услуги.*

*М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, даде свое мислење во врска со оваа точка, укажувајќи на постојаните финансиски проблеми кои Фондот ги има со Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори„ - Скопје кој има бизнис план за својата финансиска работа и со своето работење остварува добар профит. При тоа образложи своја методологија со која смета дека треба да се намали цената на услугата, а да се зголеми бројот на операциите.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, укажа на тоа колку Управниот одбор може да има влијание за намалување на определена цена на здравствена услуга, со оглед на тоа дека истата е веќе утврдена во Договорот склучен помеѓу Фондот и Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори„ - Скопје.*

*Лазар Трајчев појасни дека има правен проблем во врска со предлогот на М-р. Борис Јосифовски за намалување на цената на здравствената услуга, бидејќи во Договорот кој Фондот го склучил со Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори„ - Скопје има утврдено фиксни цени и единствено може овој предлог да се наметне при преговарањето на преговарачкиот тим за склучувањето на нов договор со „ Филип Втори„ Скопје за 2009 година.*

*М-р Борис Јосифовски повтори дека треба да се земе во предвид неговиот став за намалување на цените за определен број на операции и истиот да се има во предвид при склучувањето на новиот договор за 2009 година.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, потврди дека зголемениот вид и обем на здравствени услуги на осигурените лица во Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје се причините кои доведуваат до зголемување на буџетот.*

*Директорот Георги Тренкоски појасни дека поради тоа што веќе има утврдените цени во договорот со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје истиот сега не може да се менува, може само да се раскине.*

*Лазар Трајчев, го повтори ставот дека треба да се формира преговарачки тим кој нема само да преговара за цените туки и за сите останати работи кој како проблеми се јавуваат во сегашниот договор со „ Филип Втори„ Скопје.*

*Љубица Димитриевска, началник на финансии,укажа на тоа дека во сегашниот договор склучен со Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори„ Скопје нема наведено дека се работи за вакви или за онакви операции и не е утврден бројот од која колку операции, поради што намалувањето на цените сега би било комплицирано.*

*М-р. Марјана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија , потврди дека поради постоењето на правна невозможност за намалувањето на цените на здравствените услуги кои се утврдени во сегашниот договор со Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори, Скопје истото треба да се има во предвид при склучување на новиот договор кој ќе важи од 01.01.2009 година.*

***Заклучок:*** *Да се земе во предвид предлогот на М-р Борис Јосифовски за намалување на цените на определени здравствени услуги и зголемување на обемот на операциите кои ќе се извршуваат во Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори, Скопје, при преговарањето на преговарачкиот тим за склучување на нов договор со важност од 01.01. 2009 година.*

*По завршувањето на дискусијата по првата почка на дневниот ред Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита,***
***и***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „ Филип Втори“ - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

***ТОЧКА 2 -** Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ специјална болница по гинекологија и акушерство „ Мала Богородица„ - Систина, Скопје во 2008 година и Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ со мешовита сопстеност општа болница „ Ре- Медика„ Скопје во 2008 година*

*Бранкица Катушевска информираше дека во врска со објавениот јавниот повик на Фондот за сите заинтересирани здравствени установи кои пружаат здравствени услуги на осигурениците од областа на биомедицинско потпомогнато оплодување за периодот од 01.08.2008 година до 31.12.2008 година се пријавиле 5 здравствени установи меѓу кои Клиника за гинекологија и акушерство, ПЗУ специјална болница по гинекологија и акушерство „ Мала Богородица„ - Систина и ПЗУ со мешовита сопстеност општа болница „ Ре-Медика„ Скопје. Клиниката за гинекологија и акушерство не ги исполни условите за склучување на договор, бидејќи не доби содветно решение од Министерството за здравство, за вршење на таа дејност. Здравствени установи кои имаа обезбедено потребна документација и согласност од Министерот за здравство за вршење на дејнсот од ова област се ПЗУ специјална болница по гинекологија и акушерство „ Мала Богородица„ - Систина и ПЗУ со мешовита сопственост општа болница „ Ре - Медика„.*

*Директорот Георги Тренкоски наведе дека постои можност да се зголеми бројот на здравствените установи кои ќе пружаат здравствени услуги на осигурениците од областа на биомедицинското потпомогнато оплодување и апелираше што побргу да се отстранат пречките поради кои Клиниката за гинекологија и акушерство неможе да добие дозвола за работа на таа дејнсот од страна на Министерството за здравство. Исто така укажа на тоа дека постои можност да бидат и вклучени и здравствените установи „Плодност“ и „Ултра Медика“ откако ќе ги исполнат потребните услови.*

*М-р. Марјана Лончар Велкова укажа дека предходните медицински активности кои ги превземаат здравствените установи се дел од постапката за БПО и како такви треба да се прифатат.*

*Лазар Трајчев појасни дека здравствените установи имаат некои предходни медицински активности кои мораат да се преземат во областа на БПО при што нивниот број е мал, но гледано од правен аспект Фондот не плаќа за услуги кои не се завршени, при што останува правото на рефундирање на лековите од страна на осигурениците, доколку самите ги набавиле.*

*По завршувањето на дискусијата по втората почка на дневниот ред Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ специјална болница по гинекологија и акушерство „ Мала Богородица„ - Систина, Скопје во 2008 година***

***и***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за извршени здравствени услуги во областа на БПО извршени од ПЗУ со мешовита сопстеност општа болница „ Ре- Медика„ Скопје во 2008 година***

**ТОЧКА 3-** *Приговор од работен однос од Цветлана Јакимоска Вељаноска;*

*Лазар Трајчев правно го образложи поднесениот приговор од страна на Цветлана Јакимоска Вељановска од Охрид против решението бр.04-12889/1 од 22.07.2008 година и истакна дека се работи за вработена во Фонодот која била прогласена за технолошки вишок за што поднесла тужба по која постапувал Основниот суд во Охрид и донесол пресуда со која тужбата е уважена, а подоцна со пресуда и Апелациониот суд во Битола ја потврдил првостепената пресуда. По правосилноста на донесената пресуда истата со решение била вратена на работа во Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Охрид. Во меѓувреме Фондот незадоволен од донесените пресуди поднесе ревизија при што Врховниот суд на Р.М. ја усвои поднесената ревизија и пресудата на Апелациониот суд и пресудата на Основниот суд ја преиначува со што тужбеното барање на тужителката се одбива како неосновано и Фондот врз основа на пресудата на Врховниот суд донесува решение со кое на истата и престанува работниот однос.*

*По излагањето, се отвори дискусија по која Управниот одбор едногласно одлучи формално да го укине решението бр. 04-12889/1 од 22.07.2008 година за престанок на работниот однос на Цветлана Јакимоска Вељановска од Охрид и повторно да се врати на службите да го изработат и да дадат подетално и поиздржано образложение за пресудата на Врховниот суд со која се преиначуват пресудите од Основниот и од Апелациониот суд.*

**ТОЧКА 4 -** *Барање од Др. Оливера Караниколова;*

*Лазар Трајчев појасни дека се работи за барање доставено од Др. Оливера Караниколова од Гевгелија стоматолог - концесионер која поради отварање на своја здравствена установа одвоено од својот колега со кого работела во иста ординација, покренала постапка за добивање на решение за дозвола за работа од Министерство за здравство, а понудата за склучување на договор со Фондот заедно со останатата потребна документација ја поднесла во определениот рок. На 22.04.2008 година истата до Фондот го доставува решението за дозвола од 05.04.2008 година издадено од Министерството за здравство и склучува договор со Фондот за 2008 година почнувајќи од 01.05.2008 година, за што има вакум период од 4 месеци. При тоа постави прашање дали*

*да се прифати нејзиното барањето или ќе се даде препорака до Министерството за здравство кое 8 месеци не и издавало решение за дозвола за работа, при што треба да се има во предви дека сега Министерството има нов Министер кој не би потшишувал решенија во време кога бил именуван предходниот Министер за здравство.*

*М-р. Марјана Лончар Велкова посочи на тоа дека треба да се разговара со Министерството за здравство дали може да се издаде ретроактивно решение за тој период, за да може Фондот правно да се покрие.*

*Лазар Трајчев објасни дека сега има назначено друг Министер за здравство кој неможе да потпише решение во времето на предходниот Министер за здравство. При тоа потсети дека ваков случај имаше кога започна концесионерството и на концесионерите им се склучувше договор од 01.01.2007 година, а решението за дозвола за работа од Министерството за здравство го доставува накнадно поради неможноста истото да го добијат во определениот рок за доставување на понуди до Фондот.*

*Директорот Георги Тренкоски укажа на истото објаснување што го даде Лазар Трајчев за периодот за време на концесионерството кога на концесионерите со закасување по неколку месеци им се издаваше решение за дозвола за работа од Министерство за здравство,при што Фондот ги склучуваше договорите од 01.01.2007 година и посочи на тоа дека може и овој случај да се реши на истиот начин.*

*Д-р Страшо Наумоски укажа на тоа дека доколку Др. Оливера Караниколова во периодот од 01.01.2008 година до 30.04.2008 година вршела здравствени усуги, тоа може да се докаже.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, појасни дека се работи за период од 4 месеци и начинот на наплаќањето на стоматолозите е по основ на капитација односно за услугите кои ги вршат на пациентите фактурираат во Подрачните служби на Фондот. При тоа предлага од 01.01.2008 година до 30.04.2008 година доколку Оливера Караниколова вршела здравствени услуги треба да потврди и докаже во Подрачната служба на Фондот.*

*М-р. Марјана Лончар Велкова укажа на тоа дека во праксата стоматолозите не доставуваат никаков извештај односно работен налог на пацентот за тоа каква стоматолошка услуга му е на направена. При тоа даде препорака да Фондот при контролирањето на стоматолошките ординации посебно да обрне внимание на овој ниven пропуст во работењето и Директорот на ФЗОМ за ова прашање да разговара со Стоматолошката комора.*

*Лазар Трајчев појасни дека со Договорот за 2008 година стоматолозите се обврзани да водат уредна евиденција согласно законските прописи, подзаконските акти на Фондот и одредбите на овој договор и за секое прекршување на оваа одредба од договорот следува договорна казна во износ од 75.000,00 денари. Укажа и на тоа дека има зајакната контрола од страна на Фондот која врши увид во работењето на стоматолошките здравствени установи. Исто така предложи во договорите за 2009 година да се стави*

*одредба дека доколку лекарот не запише во здравствената книшка каква услуга му направил на пациентот да се казни со договорна казна од 150.000,00 денари.*

***Заклучок:*** *Доколку барателот Др. Оливера Караниколова докаже дека вршела здравствени услуги во периодот од 01.01.2008 година до 30.04.2008 година да се прифати барањето и да и се склучи договор за 2008 година со важност од 01.01.2008 година.*

***ТОЧКА 5 - Разно***

***5.1 Одлука за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фонодт за здравствено осигурување на Македонија***

*Директорот Георги Тренкоски појасни дека измената и дополнувањето на планот за јавните набавки е поради реализација на еден проект кој започнал во 2002 година и кој сега повторно се обновува со назив „ Клима комора„ со која ќе се овозможи промена на воздухот и ќе има поподносливи услови за работа што е од битна важност за потребите на Фондот како и укажа на тоа дека станува збор за мала набавка која изнесува 5000 евра во денарска вредност.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 12.00 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Даниела Јовческа Гуровска***

***Управен одбор***
***Заменик на Претседателот,***
***Снежана Костадиноска Милошеска***